10. Скопје

Бугарите го окупираат — 22. X. 1915 г.; Французите се закануваат — 25. X. 1915 г.; Српската коњица навалува кон Скопје — 25. IX. 1918 г.; Француска коњица во Скопје — 29. IX. 1918 г.; Французите го заземаат — 30. IX. 1918 г.

(The Times, p. 331).

11. Струмица

Французите ја окупираат — 29. X. 1915 г.; Британците ги губат фронтовските окопи — 6. XII. 1915 г.; отстапување — 7. XII. 1915 г.; Британците во Бугарија на 6 миљи јужно од Струмица — 25. IX. 1918 г.

11а. Струмица —Криволак — Сојузниците во Струмица—Криволак — 20 20. X. 1915 г.

(The Times, p. 318).

12. Тетово

Србите повторно го заземаат — 12. XI. 1915 г.; Бугарите повторно го враќаат — 14. XI. 1915 г.

(The Times, 325).

13. Штип

Бугарите повторно го враќаат — 25. X. 1915 г.; Освоен — 25. IX. 1918 г.;

(The Times, p. 260)

*Љ. Лапе*

## СТАТИЈА НА КРСТЕ МИСИРКОВ ОД 1914 г.

Поделбата на Македонија, што по Втората балканска војна ја санкционира Букурешкиот мирен договор од август 1913 год. тешко се одрази кај маса македонски патриоти во Македонија и надвор од неа. Еден од нив беше и познатиот македонски културен работник Крсте П. Мисирков. Убеден во несправедливите одредби на овој договор, а предчувствувајќи ја новата бура на Првата светска војна, Мисирков, кој тогаш се наоѓал со служба во рускиот град Кишињев, се решил да го запознае руското општество со извршената неправда и да го постави решавањето на македонското прашање од гледна точка на самите Македонци. За таа цел тој и неговите истомисленици од македонската колонија во Петроград почнале да објавуваат редица статии во видните руски списанија и весници, а покренале и свој сопствен печатен орган „Македонски голос", во кој ги изнесувале своите погледи за правилното решавање на македонското прашање. Овде претставува една од првите статии на К. Мисирков објавена во форма на писмо до читателите на видното списание „Славянски известия" во број 9 од 1. мај 1914 год. Статијата има наслов „Македонија и Словенството". Одкако ги упрекнува големите европски и малите балкански држави за сторените грешки кон Македонија со заклучувањето на Букурешкиот мир и во текот на балканските војни, Мисирков ја изразува длабоката верба во издржли-

воста на македонскиот народ и способноста да си ги врати еден ден своите заслужени права на слободен живот.

Со оваа статија К. П. Мисирков изнесува интересни погледи за положбата на Македонија непосредно по поделбата со Балканските војни. Извесни негови погледи подлежат на критичко разгледување. Тие се поврзани со неговите тогашни становишта по македонското прашање.

ПРИЛОГ

*К. Мисирков*

## МАКЕДОНИЈА И СЛОВЕНСТВОТО
### Писмо до читателите на „Славянски известия"

Тешко чувство остави во душите на мнозина Словени минатата 1913 г. Многу надежи, многу ишчекувања се разбија и разлетаа во прав. Разочареноста ги зафати Русите, Чесите, Бугарите и другите Словени.

Дали знаете Вие, читателе, нешто за Македонците. Постојат на светот и такви Словени; тие многу страдале, имаат славни страници во својата историја, во словенската култура; тие воделе очајна борба за својата слобода, Сте слушале, секако сте слушале Вие за нив.

И тие, ете, Македонци, повеќе од секој друг, се разочарале минатата година. Таа година ги уби нивните надежи за подобра иднина, ако не за секогаш, барем за многу години. Место да го постигнат вековниот идеал — ослободувањето на Македонија од ропство — тие само го сменија турското ропство со ново — грчко и српско. Дали е потребно да се навлегува во причините за жалната судбина на Македонија? Ако тоа се прави, ќе се дојде до многу навреди, зошто не секому е пријатно да ја чуе вистината за своите свесни или несвесни грешки. А постојат и свесни грешки во неодамнешното решение на судбината на Македонија. Свесноста се состои во тоа што врз делбата на Македонија се планирале неверни и погрешни сметки, што дадоа совршено неочекувани резултати.

Сите се во тоа помалку криви: И Бугарија, и Русија, и Србија, и Франција, и Англија, и Германија. Бугарија не морала да склучува таков договор кој вршел заграбување на Македонија од страна на Србите и Грците како свршен факт. Србија била должна повеќе да мисли за иднината а не да го закопа, во интерес на Грците, Турците, Романците и странските кредитори на Турција, Сојузниот договор и да не му нанесува смртоносен удар на јужно-словенското единство. Русија била должна да покаже повеќе предвидливост, повеќе иницијатива и повеќе независност во поглед на државите од тројниот договор кои што не можеле да позволат да се реши балканското прашање во духот на словенските интереси. Франција и Англија дејствувале како кредитори и покровители на Турција и Грција, а Германија, покрај тоа уште и како држава која по разни соображенија не можела да се помири со растежот на словенството, по секој начин ги подржувала несловените против Словените. Освен изброениве причини за несреќата на Македонија, постои уште една — непознавањето на словенскиот свет со Македонија.

Во Првата балканска војна пристигнала од Русија огромна помош во корист на Балканските Словени: се давале пари, предмети, лекови; се праќале и се издржувале на театарот на војните дејствија цели санитарни одреди. Како се делеле помеѓу борците овие штедри подароци? Се постапувало сосем просто: ги делеле собраните пари на четири рамни делови и ги праќале на четири војувачки држави. Бугарија, која извадила и држала толку војски колку сите три сојузници земени заедно, а имала големи потреби од помош, добила само една четвртина од помошта; Србија и Црна Гора, две српски држави, чие што население заедно било еднакво на три четвртини на населението од Бугарија, ја добиле половината од сета руска помош. Јас не сакам да му префрлувам на руското општество за пристрасност на едните за сметка на другите, а посебно Бугарите не можат и нема да ги прекоруваат Русите за пристрасност.

Но, друга е работата што во дадениов случај е многу важна. Руските дародавци испуштиле од предвид дека не биле само четири сојузници што се бореле со Турција а пет: Бугарија, Србија, Грција, Црна Гора и Македонија. Сите имале потреба од

помош, но Македонија повеќе од сите. Првите четири сојузници добивале помош и од Западна Европа, од словенските земји и од Русија. Македонија не добила ни еден санитарен одред, ни една пара. Можеби, Вие читателе, да се сомневате во сето тоа, дека самата Македонија, која сојузниците решиле да ја ослободуваат, била навистина една од петте сојузници? Не зборувам за тоа дека повеќето од половината на Првиот софиски полк и поголемиот дел на Седмата рилска дивизија од Бугарската армија го сочинувале Македонците, не зборувам за тоа дека околу 150 мали македонски одреди (чети) служеле како спроводници на српската и грчката армија, вршејќи извидничка служба во Македонија, урнувајќи ги мостовите и железничките линии, при што четата на Николаева ја спасила од плен армијата на грчкиот престолонаследник на десниот брег на реката Вардар. Македонија организирала своја посебна армија, цел еден корпус од 18000 луѓе, што го заробиле одредот на Јавер паша со 14000 луѓе, го одбила турскиот десант кај Шар-Кеј и храбро се борела пред Булаир, со што и направила огромна услуга не само на бугарската армија, туку и на делото на целиот балкански сојуз[1]).

Македонската армија не отстапувајќи и по бројот на црногорската армија, била лошо обуена, без лекари, лекарски помошници, лекови и воопшто без средства. Всушност, на тракиските полиња се бореле две армии: бугарската и македонската. Во Македонија се бореле четири армии: српската, грчката, македонската и црногорската. Иако во постоењето на македонската армија никој не се сомневал, на Македонците не им се помогнало во нивни интерес. При решавањето на прашањето за поделбата на заземените територии никој не помислил за Македонците и во секој поглед ги заобиколиле. Србите и Грците, немајќи повеќе потреба од македонските чети, со чии што услуги широко се користеле во времето на војните со Турција, почнале да ги гонат македонските четници како обични разбојници. Така почнало отплатувањето за услугите и кое понатаму станувало сѐ посурово. А како резултат се добила Втората балканска војна, кога двете армии — бугарската и македонската, се бореле против трите: српската, грчката и црногорската.

Русите сосем заборавиле на Македонците, исто така за бројноста на Македонците немаат податоци; незнаат дека во Македонија живееат околу 1800.000 Словени не помалку храбри од Црногорците, Бугарите и Србите. Шест пати повеќе Македонци има од Црногорците а затоа Македонија, како самостојна словенска држава би имала толку пати поголемо значење во историјата на јужното словенство како и во историјата на словенството воопшто. Но, Србите тргнале заедно со исконските непријатели на словенството, а Русија сакала да ги измири неизмирливите интереси, да им угоди на сите, ја преувеличувала австриската опасност, го преувеличувала значањето на Србија и Црна Гора во идната борба со Австрија — и дошол крајот на Македонија.

Двесте години Русија ѝ помагала на Црна Гора, надевајќи се на помош од неа за борбата против Австрија. Се смета дека уште двеста години ќе поминат залудно, а Русија ќе биде принудена да ја спасува Црна Гора од Австрија и од Албанија. Сега Србија почнала да го рекламира своето значење за Русија во идната војна против Австрија. Рекламирајќи се себеси, Србија ја побарала како награда херојска Македонија, раздробена помеѓу Србија, Грција и Бугарија. Со помошта на македонските робови Србите се готват да ги ослободуваат пословодните од Македонците Босанци и Хрвати, а истовремено Србија бара заштита против сопствените државјани и против Бугарија од Грција и од Романија.

Несреќна Македонија! Но никако не е посреќна ни Србија. Како долу мора да стои нејзиниот кредит во словенскиот свет, штом е принудена да бара заштита кај несловенските држави?

Руското општество ја заборавило Македонија, но Македонија, иако во невозможни услови, сепак живее. Таа преживеала пет стотини години тешко турско ропство и сепак ја запазила својата самобитност. Ако Малорусија го поднесла полското иго од XVI—XVII в., ќе ги поднесе и Македонија маките, дојдени во 1913 год.! Словен-

---

[1]) Мисирков пропуштил да ја подвлече крупната улога на Јане Сандански во мобилизацијата на македонските селани од Пиринска Македонија и неговиот неуспешен обид да го постави прашањето за автономна Македонија. Види поопширно кај Христо Константинов „Старика", София, 1939 и кај Павел Делирадев, „Яне Сандански", София, 1946.

ството ќе ги одстрани од себеси маките и тешките разочарувања, ќе се зафати со лекувањето на раните и создавањето на здрав мир на Балканот врз базата на националната самобитност на сите балкански народи. Тогаш Македонија ќе си го добие своето. Народ кој водел борба со Грција за словенска култура, кој во текот на последниве 35 години создал огромен број културни паметници — цркви, манастири и училишта, кој ја издржал титанската борба со Грците и Турците од VI в. по Хр. до 1913 год., таквиот народ нема да загине, а ќе си ги врати своите права. Ако ние, Словените, не му помогнеме, помошта може да му дојде од надвор, а тоа ќе биде нов удар како за словенската самољубивост така и за интересите на Словенството.

*Р. Кирјазовски*

## НЕКОИ НОВИ ПОДАТОЦИ ЗА ТРГОВСКИТЕ ВРСКИ НА МАКЕДОНИЈА СО СРЕДНА ЕВРОПА ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА XIX ВЕК

Прашањето за надворешната трговија односно за трговските врски на Македонија со земјите на Средна Европа, во првата половина на XIX век, беше предмет на истражување на домашната и странатa историографија[1]).

И покрај тоа, податоците кои што подолу се изнесени сметаме, дека претставуваат уште еден прилог кон проучуванието на тоа прашање[2]).

Големите општествено-економски промени во турската држава на преминот од XVIII во XIX век, кои овозможуваа вовлекување на селото во стокопаричните односи, придонесуваа за постојаното зголемување на износот на земјоделските производи и други суровини од Македонија на странскиот пазар[3]).

Напоредно со тоа, споменатите општествено-економски промени овозможија брз развиток на македонските градови и македонското стопанство воопшто. Старите турски касаби, кои во минатото биле воено-административни центри на турската војска и власт, сега се развиле во модерни градови со понеколку десетици илјади жители. Солун, Серез, Битола, Прилеп и Велес во текот на XVIII и во првата половина на XIX век биле едни од најразвиените градови од Балканскиот Полуостров[4]). Така развиените македонски градови апсорбирале релативно многу

---

[1]) Данчо Зографски, Надворешната трговија на Македонија од средината на XVIII век до почетокот на XX век, Годишник на економскиот факултет, Скопје, том (IX) 1962 год. Д-р Климе Џамбазовски, За развитокот на македонската трговија во текот на првата половина на XIX век, Гласник на Институтот за национална Историја, Скопје, 1962 година. Вирџинија Паскалева, Към историята на трговските врски на Македония с Средна Европа през XIX век. Българска Академия на науките-Известия за история, София 1962 год.

[2]) Податоците за ова излагање главно се земени од фондовите Кнежева Канцеларија (белградски конзулат) и Главно Казначејство при Архивот на СР Србија, Белград.

[3]) Данчо Зографски, исто таму.

[4]) Љубен Лапе, „Кратак преглед македонске историје", Београд 1955.